Бр. 12-964/2
18.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од подносителот ______________ од ______, на ден 03.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 27-мата седница одржана на 14 февруари 2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот ___________ од ______, на ден 03.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен број на предмет 12-5499/1 од 03.12.2019 година, а во која се укажува на сомневање за незаконско работење на ________________________________ и се истакнува барање за покренување на постапка пред Основен суд Скопје 2 за бришење на долг по основ на камата кон истиот субјект, односно покренување контрола и постапка за поништување на пресуда _____________ од 13.02.2014, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-5499/1 од 03.12.2019 година.

Предметот со број 12-5499/1 од 03.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5499/1 од 03.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ___________, од ________.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско работење на _________ ____________________ и се истакнува барање за покренување на постапка пред Основен суд Скопје 2 за бришење на долг по основ на камата кон истиот субјект, односно покренување контрола и постапка за поништување на пресуда _____________ од 13.02.2014. Согласно наводите во пријавата, предметниот долг е платен во 2007 година, а со горенаведената пресуда од 2014 судот го задолжил подносителот да го плати долгот. Воедно, тужбата со предлогот за издавање платен налог од __________ ______________, пресудата на Основниот суд Скопје 2, налогот за извршување и барањето за извршување се доставени на непостоечка адреса во ______________, а подносителот има постојано

живеалиште со адреса во ____________. Во продолжение се наведува дека подносителот поднел приговор против издадениот платен налог, кој приговор бил отфрлен.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата констатира дека за предметниот случај постапувал друг надлежен државен орган, односно станува збор за донесена пресуда од Основен суд Скопје 2 Скопје со која се одбива приговорот на подносителот на пријавата како неоснован. Воедно, имајќи го предвид член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), Државната комисија нема надлежност да бара поништување или укинување на судски одлуки како што е побарано во пријавата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Катица Николовска**